Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Архивски знак_____
Рок на чување:_____год.
_____20___год.
Потпис,

**Архивски број: 04 - 9444/1**
**Датум: 22 07 2021 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници ("Сл. весник на Р.М." бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19 и 14/20), државниот секретар, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 06/2021 за унапредување на административен службеник во Министерство за култура**

1. Кандидатот **Даим Мифтари**, по пат на интерен оглас број 06/2021 се избира за работно место :**Виш соработник за аналитичко-студиски работи во Одделение за стратешко планирање, развој, анализи, истражување и унапредување на издавачката дејност во Република Македонија при Сектор за издавачка дејност (Сектор за книга)** -1 извршител
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 06/2021 со архивски број. 04-8749/1 од 06.07.2021 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број. 18-4922/2 од 20.05.2021 година, државниот секретар упати барање до Одделение за управување со човечки ресурси со архивски бр.04-8727/1 од 05.07.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за култура. Интерниот оглас број 06/2021 за унапредување на еден (1) административен службеник во Министерство за култура е објавен на веб страната на Министерството како и на веб страната на Агенцијата за администрација на ден 08.07.2021 година. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-8749/4 од

16.07.2021 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за култура. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас за број 06/2021 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-9309/1 од 20.07.2021 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија В со архивски бр. 04-9309/2 од 20.07.2021 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на ранг листа министерот донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

**Правна поука**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
Valmir Aziri

Доставено до:
-именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси

Изготвил: Р.Атанасовска
Одобрил:С.Стојановиќ